**Известување за концентрација – заедничко вложување на Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед Јужна Африка иТопсое Проџект Инвестмент А/С Данска (предмет бр. 08-126/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.08.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед (*Sasol Investment Company (Pty) Limited*), со седиште во Јоханесбург, Јужна Африка, со место на вршење на деловна активност на Сасол Плејс 50 Кетрин Стрит, Сандтон, Готенг, 2146 Јужна Африна и Топсое Проџект Инвестмент А/С (*Topsoe Project Investment A/S*), со место на вршење на деловна активност на Халдор Топсоес Алле 1 (*Haldor Topsoes Alle 1*) Данска ќе основаат заедничко вложување во нивна заедничка контрола, ЈВ ХолдКо и заедничко вложување во нивна заедничка контрола ЈВ ОЕМКо.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед е 100% зависно друштво на Сасол Лимитед, Јужна Африна кое заедно со неговите други зависни друштва ја сочинуваат „**Групацијата Сасол**".

Групацијата Сасол е глобална хемиска (напредни материјали, основни хемикалии, есенцијални хемикалии за нега и решенија за изведба) и енергетска групација на компании (рударство, гас и горива) со седиште во Јужна Африка која интегрира софистицирани технологии и процеси во оперативни капацитети од светски размери. Групацијата Сасол ги произведува и продава своите висококвалитетни производи во 22 земји.

Во Северна Македонија, Сасол Инвестмент Компани (Пту) Лимитед нема регистрирано корпоративно присуство.

Топсое Проџект Инвестмент А/С е 100% зависно друштво на Топсое А/С, кое заедно со неговите зависни друштва ја сочинуваат „**Групацијата Топсое**".Топсое Проџект Инвестмент А/С произведува и снабдува со катализатори и лиценцира технологии во врска со процесите на катализа. Друштвото има две производствени локации лоцирани во Фредериксунд, Данска и Хјустон, САД. Активностите поврзани со инженерство, истражување и развој на проекти се лоцирани во Суджоу, Кина; Лингби, Данска; Есен, Германија; и Њу Делхи, Индија.

Во Северна Македонија, Топсое и Групацијата Топсое немаат никакво корпоративно присуство, ниту пак имаат остварено приходи на кој било пазар.

**ЈВ ХолдКо** ќе се основа како приватно друштво со ограничена одговорност согласно законите на Холандија. ЈВ ХолдКоќе биде субјект за развој на проект и холдинг друштво за заедничко вложување помеѓу Сасол Инвестмент и Топсое. ЈВ ХолдКоќе основа друштва за специјални намени, кои ќе бидат под контрола на ЈВ ХолдКо(заедно со ЈВ ХолдКо: „**Групација ЈВ**") и/или друштва за специјални намени, во кои ЈВ ХолдКоќе поседува акции, но кои нема да бидат под контрола на ЈВ ХолдКо („**Малцински СПВ**"). Друштвата од Групацијата ЈВ и Малцинските СПВ ќе го водат деловниот потфат на заедничкото вложување.

**ЈВ ОЕМКо** ќе се основа како приватно друштво со ограничена одговорност согласно законите на Холандија со цел да дејствува како снабдувач на опрема, технологија и други набавки или услуги за друштвата од Групацијата ЈВ и Малцинските СПВ.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

31.08.2023 година
Скопје